# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Број 18 *  година IV  *  понеделник, 30.11.2009 година  *  Карпош  *  цена:**

**Излегува по потреба**

**e-mail: kontakt@karpos.gov.mk        www.karpos.gov.mk**

**Скопје,  ноември 2009  година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“/ бр. 01/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата
во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, донесена на Тринаесеттата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 27 ноември 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 4398/1
30.11.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06/, Советот на Општина Карпош на Тринаесеттата седница, одржана на 27 ноември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Поставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕОО ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421120 Водовод и канализација | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423210 Материјал за АОП | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424110 Поправки и сервисирање на лесни возила /вклучување резервни делови,гуми/ | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хард.опрема/ | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424430 Поправки и одржување на опрема | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 Др.оперативни расходи | 750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401120 Основни плати-државни службеници | - 2.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонесени за ПИО | -600.00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 402210 Основни придонесени за здравство | -400.000 | 0 | | 0 | 0 |
| **ЕАО КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| 483290 Купување на друга опрема | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483310 Купување на моторни возила | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401510 Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | -300.000 | 0 |
| 421210 Центрлано греење | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 |
| 423710 Средства за одрж.хигиена | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| 425250.Осигурување на недвижности и права | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | - 33.000 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 0 | 33.000 | 0 |
| 402210 Осовни придонес за здравство | 0 | 0 | 0 | -1.100.000 | 0 |

## Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“ и станува составен дел на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

Бр. 07-4321/1
27.11.2009 година

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“/ бр. 01/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за осигурување на објекти и опрема на основните училишта и јавни установи – детски градинки од подрачјето на Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за осигурување на објекти и опрема на основните училишта и јавни установи – детски градинки од подрачјето на Општина Карпош , донесена на Тринаесеттата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 27 ноември 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 4398/2
30.11.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

3.-

Врз основа на член 6 и член 15, став 1, точка 6 и 7 од Законот за Градот Скопје, (“Службен весник на РМ“ бр. 55/04), а во врска со член 36, став1, точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа, (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), како и согласно член 980 од ЗОО (“Службен весник на РМ“ бр. 18/01; 4/02; 5/03; 84/08 и 81/09) и член 3 , став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Тринаесеттата седница, одржана на ден 27 ноември 2009 год., донесе

**О Д Л У К А**

за осигурување на објекти и опрема на основните училишта
и јавни установи – детски градинки од подрачјето на Општина Карпош

**Член 1**

Се одлучува да се осигура имотот, односно објектите и опремата на сите десет основни училишта и четирите детски градинки што се наоѓаат на подрачјето на Општината Карпош и се во сопственост на Општината.

**Член 2**

Основни училишта чии објекти и опрема се осигуруваат се: ОУ “Христијан Тодоровски-Карпош“, ОУ “Владо Тасевски“, ОУ “Јан Амос Коменски“, ОУ “Лазо Трповски“, ОУ “Вера ЦиривириТрена“, ОУ “Војдан Чернодрински“, ОУ “Петар Поп Арсов“, ОУ “Димо Хаџи Димов“, ОУ “Братство“, ОУ “Аврам Писевски“.

Јавни установи - општински детски градинки чии објекти и опрема се осигуруваат се: “Распеана Младост“, “Орце Николов“, “Пролет“ и “Мајски Цвет“.

**Член 3**

Целта на осигурувањето на имотот, односно објектите и опремата на наведените основни училишта и детски градинки е обезбедување надомест за штета која би настанала врз осигурениот имот поради настапување на осигурениот случај.

**Член 4**

Се обврзува Градоначалникот на Општина Карпош да ја операционализира оваа Одлука, како и да одлучи за периодот за кој ќе се осигура предметниот имот, и да го определи осигурениот случај.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на Одлуката во Службен гласник на Општина Карпош .

Број 07- 4321/2
27.11.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

4.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“/ бр. 01/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за ослободување
од плаќање на камата

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на камата, донесена на Тринаесеттата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 27 ноември 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 4398/3
30.11.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 од Законот за Град Скопје (“Службен весник на РМ“ бр. 55/04), а во врска со 50 став 1 точка 16 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), согласно член 3 став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06),како и во врска со Барањето од Светислав Дабески бр.07-4368/1 од 25.11.2009 година, Советот на Општина Карпош на Тринаесеттата седница, одржана на 27ноември 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за ослободување од плаќање на камата

**Член 1**

Се одлучува лицето Светислав Дабевски со стан на ул.,,Скупи,,број 6 село Злокуќани , Скопје да се ослободи од законски затезната камата на име остаток од главниот долг во износ од 169.116,оо денари како надоместок за уредување на градежното земјиште на Општина Карпош.

**Член 2**

Надоместокот на трошоците за уредување на градежно земјиште од член 1 на оваа Одлука се однеусва за изградба на семејна станбена куќа во село Злокуќани.

**Член 3**

Се задолжува лицето Светислав Дабевски остатокот од главниот долг како надоместок за уредување градежно земјиште во износ од 169.116,00 денари да го плати веднаш на жиро сметка на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Карпош,, .

Број 07- 4321/3
27.11.2009 год.
С к о п ј е

Претседавач
на Советот на Општина Карпош
**Трифун Трифуновски,с.р.**

6.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“/ бр. 01/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар

1. Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар, донесена на Тринаесеттата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 27 ноември 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 4398/4
30.11.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

7.-

Врз основа на член 36, став 1 , точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06), а во врска со поднесеното барање од лицето Мехмети Али Екрем, за еднократна парична помош заради опожарување на неговиот семеен дом и Записникот од извршениот увид на опожарениот објект од Комисијата за посета и утврдување на на настанатата штета од пожарот во нас . Нерези – Општина Карпош – Скопје, Советот на Општина Карпош на Тринаесеттата седница, одржана на 27 ноември 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на еднократна парична помош
за настаната штета од пожар

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош заради претрпена материјална штета на семејството на Али Екрем Мехмети со стан на ул. “Партизански одреди 3“ бр. 6а- населба Нерези чија куќа е изгорена од пожар, во износ од 60.000,00 денари.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 4321/4
27.11.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

8.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“/ бр. 01/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за еднократна парична помош
на Домот на културата „Наум Наумовски Борче“ ПО - Крушево

1. Се објавува Одлуката за еднократна парична помош на Домот на културата „Наум Наумовски Борче“ П.О - Крушево, донесена на Тринаесеттата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 27 ноември 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 4398/5
30.11.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

9.-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр. 01/06), а во врска со поднесеното барање од Домот на културата „Наум Наумовски Борче" П.О од Крушево бр. 03-1304 од 16.11.2009 година за набавка на парен котел, Советот на Општина Карпош на Тринаесеттата седница, одржана на 27 ноември 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
за доделување на еднократна парична помош на Домот
на културата „Наум Наумовски Борче" П.О - Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош за набавка на парниот котел и пропратниот материјал за целосно затоплување на просториите на Домот на културата „Наум Наумовски Борче" П.О - Крушево, во износ од 100.000,00 денари.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 4321/5
27.11.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

10.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“/ бр. 01/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на починатиот академски сликар Теофил Шулајковски

1. Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на починатиот академски сликар Теофил Шулајковски , донесена на Тринаесеттата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 27 ноември 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 4398/6
30.11.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

11.-

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Тринаесеттата седница, одржана на 27 ноември 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на еднократна парична помош на семејството на починатиот академски сликар Теофил Шулајковски

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош на семејството на починатиот академски сликар Теофил Шулајковски, во износ од 30.000,00 денари.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 4321/6
27.11.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

12.-

**Содржина:** **Страна**

1. Одлука за измена на распоредот на средствата
во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година,
со Решение за објавување .............................................. 1-2

2. Одлука за осигурување на објекти и опрема на основните
училишта и јавни установи – детски градинки од
подрачјето на Општина карпош,
со Решение за објавување ............................................. 3-4

3. Одлука за ослободување од плаќање на камата,
со Решение за објавување ................................................ 5-6

4. Одлука за доделување на еднократна
парична помош за настаната штета од пожар,
со Решеие за објавување ................................................. 7-8

5. Одлука за еднократна парична помош на Домот
на културата „Наум Наумовски Борче“ ПО Крушево,
со Решение за објавување................................................. 9-10

6. Одлука за доделување на еднократна парична помош
на починатиот академски сликар Теофил Пулајковски,
со Решение за објавување................................................. 11-12

7. Исправка

**Издавач**: Општина Карпош, Уредува: Сектор за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош
Компјутерска обработка: Драгица Петровска
Бул. “Партизански одреди” бр. 68, тел: 3067-760
тираж: 50 примероци